ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје
Брокерска куќа

Мито Хаџивасилев Јасмин 20,  II - кат , 1000 Скопје Р.Македонија Тел:++389 (0)2 3127-462, 3110-280  Тел/Факс: 3110-29
www.investbroker.com.mk          e-mail: investbroker@investbroker.com.mk

# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА РАБОТЕЊЕ

На Брокерска куќа ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје, член на Македонската берза АД Скопје и на Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје и овластена за тргување на Македонската берза АД Скопје ( во понатамошниот текст Брокерска куќа)

Член 1

Брокерската куќа ги врши следните услуги: продавање и купување на хартии од вредност по услови и цени кои ќе ги одреди клиентот со посебно за тоа утврдени налози за купување и продавање на хартии од вредност.

Член 2

Услугите поврзани со извршувањето на налозите на клиентите и информирањето на клиентите за купување или продавање на хартии од вредност брокерската куќа ги врши преку овластени брокери.

Член 3

Овластениот брокер е должен веднаш да го извести клиентот за сите околности од значење за одлучување на клиентот во врска со налогот за купување или продавање на хартии од вредност, како и за ризиците во врска со вложувањето во хартии од вредност.

Член 4

Овластениот брокер е должен да го извести клиентот за сите можни судири на интереси меѓу клиентите, брокерската куќа и/или другите клиенти во брокерската куќа.

Член 5

Овластениот брокер е должен да го изврши налогот на клиентот веднаш штом условите на пазарот на хартиите од вредност дозволуваат негово извршување.

Член 6

Брокерската куќа ги извршува налозите на клиентите за купување и/или продавање на хартии од вредност во согласност со приоритетот во книгата на налози.

Член 7

Брокерската куќа е должна да му достави на клиентот извештај за склучување и порамнување на секоја трансакција со хартии од вредност во рок од два дена по денот на порамнувањето.

Член 8

Клиентот е согласен да ја плати предвидената брокерска провизија, берзанска такса и таксата за Централниот Депозитар согласно одлуката за надоместок на брокерската куќа, Македонскта берза и Централниот Депозитар.

Член 9

Клиентот е обврзан:

-при купување на ХВ, да ги префрли средствата најдоцна еден ден пред денот на тргување на Берзата.

-при продавање на ХВ , да потпише полномошно за резервација на хартиите од вредност за продажба во Централниот Депозитар за хартии од вредност.

Член 10

Паричните средства на клиентот дадени на брокерската куќа за купување на хартии од вредност или паричните средства добиени со продажба на хартии од вредност на клиентот, брокерската куќа ги чува на посебна сметка отворена за таа намена.

Член 11

Брокерската куќа ги уплаќа паричните средства добиени од продажба на хартиите од вредност, исклучително во име и за сметка на клиентот во рок од еден работен ден по приемот на паричните средствата од продажбата.

Член 12

За сите спорови кои ќе настанат помеѓу договорните страни, истите имаат право на судска заштита кај надлежен суд.

ИНВЕСТБРОКЕР АД СКОПЈЕ

_______________________________